АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08- 90/4
24.07 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 62 седница одржана на 28.05.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Правни студии", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет при Меѓународен универзитет Визион - Гостивар

1.Се акредитира студиската програма „Правни студии", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет при Меѓународен универзитет Визион - Гостивар, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и академски назив: Магистер на науки по право/ академски назив: Master of Science in Law.
Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно поле: 5.05 Право; Научна, стручна или уметничка област: 5.05.00.01 Граѓанско материјално право, 5.05.00.02 Граѓанско процесно право, 5.05.00.03 Казнено материјално право, 5.05.00.04 Казнено процесно право, 5.05.00.05 Криминологија, 5.05.00.06 Деловно право, 5.05.00.07 Трговско право, 5.05.00.08 Трудово право, 5.05.00.09 Финансово право, 5.05.00.10 Економска анализа на правото, 5.05.00.11 Меѓународно јавно право, 5.05.00.12 Меѓународно приватно право, 5.05.00.13 Меѓународни односи и меѓународни организации, 5.05.00.14 Право на животна средина, 5.05.00.15 Право на Европска Унија, 5.05.00.16 Теоретски правни науки, 5.05.00.17 Право на информатичка технологија, 5.05.00.18 Уставно право, 5.05.00.19 Административно право, 5.05.00.20 Римско право, 5.05.00.21 Правна реторика и аргументација, 5.05.00.22 Историја на право, 5.05.00.23 Друго

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 15 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 0201-683/02 од 29.12.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Правни студии", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет при Меѓународен универзитет Визион - Гостивар, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 0306-12/01 од 13.01.2026 година (наш бр. 08 – 90/1 од 21.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 47-та седницата одржана на 29.01.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 90/3 од 15.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 62-та седница одржана на 28.05.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков